УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ" – ШТИП
ФАКУЛТЕТ ЗА ПРИРОДНИ И ТЕХНИЧКИ НАУКИ

# Природни ресурси и технологии
# Natural resources and technologies

## декември 2018
## December 2018

ГОДИНА 12
БРОЈ 12

VOLUME XII
NO 12

UNIVERSITY "GOCE DELCEV" – STIP
FACULTY OF NATURAL AND TECHNICAL SCIENCES

**ПРИРОДНИ РЕСУРСИ И ТЕХНОЛОГИИ**
**NATURAL RESOURCES AND TECHNOLOGIES**

**За издавачот**
Проф. д-р Зоран Десподов

| | |
|---|---|
| **Издавачки совет** | **Editorial board** |
| Проф. д-р Блажо Боев | Prof. Blazo Boev, Ph.D |
| Проф. д-р Зоран Панов | Prof. Zoran Panov, Ph.D |
| Проф. д-р Борис Крстев | Prof. Boris Krstev, Ph.D |
| Проф. д-р Мирјана Голомеова | Prof. Mirjana Golomeova, Ph.D |
| Проф. д-р Благој Голомеов | Prof. Blagoj Golomeov, Ph.D |
| Проф. д-р Зоран Десподов | Prof. Zoran Despodov, Ph.D |
| Доц. д-р Дејан Мираковски | Ass. Prof. Dejan Mirakovski, Ph.D |
| Проф. д-р Кимет Фетаху | Prof. Kimet Fetahu, Ph.D |
| Проф. д-р Ѓорѓи Радулов | Prof. Gorgi Radulov, Ph.D |
| | |
| **Редакциски одбор** | **Editorial staff** |
| Проф. д-р Зоран Панов | Prof. Zoran Panov, Ph.D |
| Проф. д-р Борис Крстев | Prof. Boris Krstev, Ph.D |
| Проф. д-р Мирјана Голомеова | Prof. Mirjana Golomeova, Ph.D |
| Проф. д-р Благој Голомеов | Prof. Blagoj Golomeov, Ph.D |
| Проф. д-р Зоран Десподов | Prof. Zoran Despodov, Ph.D |
| Доц. д-р Дејан Мираковски | Ass. Prof. Dejan Mirakovski, Ph.D |
| | |
| **Главен и одговорен уредник** | **Managing & Editor in chief** |
| Проф. д-р Мирјана Голомеова | Prof. Mirjana Golomeova, Ph.D |
| | |
| **Јазично уредување** | **Language editor** |
| Вангелија Цавкова | Vangelija Cavkova |
| (македонски јазик) | (macedonian language) |
| **Техничко уредување** | **Technical editor** |
| Славе Димитров | Slave Dimitrov |
| Благој Михов | Blagoj Mihov |

| | |
|---|---|
| **Редакција и администрација** | **Address of the editorial office** |
| Универзитет „Гоце Делчев” - Штип | Goce Delcev University - Stip |
| Факултет за природни и технички науки | Faculty of Natural and Technical Sciences |
| ул. „Гоце Делчев“ 89, Штип | Goce Delcev 89, Stip |
| Р. Македонија | R. Macedonia |

## Содржина/Contents

**Ванчо Аџиски, Дејан Мираковски, Зоран Десподов, Стојанче Мијалковски**
ПРИМЕНА НА ПЛАНОВИТЕ ЗА УПРАВУВАЊЕ ВО РУДНИЦИТЕ ЗА ПОДЗЕМНА ЕКСПЛОАТАЦИЈА СО ПОСЕБЕН ОСВРТ НА ВЕНТИЛАЦИЈАТА
APPLICATION OF MANAGEMENT PLANS IN UNDERGROUND MINES WITH EMPHASIS TO VENTILATION ..... 5

**Стојанче Мијалковски, Зоран Десподов, Дејан Мираковски, Ванчо Аџиски, Николинка Донева**
ОДРЕДУВАЊЕ НА ПОКАЗАТЕЛИТЕ ЗА ИСКОРИСТУВАЊЕ И ОСИРОМАШУВАЊЕ НА РУДАТА СО ЛАБОРАТОРИСКИ ИСТРАЖУВАЊА
DETERMINATION OF THE INDICATORS FOR ORE RECOVERY AND ORE DILUTION WITH LABORATORY RESEARCH ..... 15

**Ристо Поповски, Благица Донева, Марјан Делипетрев, Ѓорги Димов**
ИСТРАЖУВАЊЕ НА ПЛИТКИ ПОДЗЕМНИ ВОДИ СО ГЕОЕЛЕКТРИЧНО КАРТИРАЊЕ
INVESTIGATION OF SHALLOW GROUNDWATER WITH GEOELECTRICAL MAPPING ..... 25

**Благица Донева, Марјан Делипетрев, Ѓорги Димов**
ГРАВИМЕТРИСКИ ИСТРАЖУВАЊА НА НАОЃАЛИШТА НА НАФТА И ЈАГЛЕН
GRAVITY INVESTIGATIONS OF DEPOSITS OF OIL AND COAL ..... 37

**Tena Sijakova-Ivanova, Kristina Atanasovska, Sara Nedanovska, Angela Velinovska, Aleksandra Maksimova**
MINERALOGICAL CHARACTERISATION OF TITANITE FROM ALINCI, REPUBLIC OF MACEDONIA
МИНЕРАЛОШКИ КАРАКТЕРИСТИКИ НА ТИТАНИТ ОД АЛИНЦИ, РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ..... 45

**Ivan Boev**
ORPIMENT MINERALIZATIONS IN TUFFACEOUS DOLOMITES IN ALLCHAR DEPOSIT-SEM-EDS INVESTIGATIONS
МИНЕРАЛИЗАЦИЈА НА АУРИПИГМЕНТ ВО ТУФОЗНИТЕ ДОЛОМИТИ ВО НАОЃАЛИШТЕТО АЛШАР-SEM-EDS ИСПИТУВАЊА ..... 53

**Орце Спасовски, Даниел Спасовски**
МИНЕРАЛОШКО – ПЕТРОГРАФСКИ И ХЕМИСКИ КАРАКТЕРИСТИКИ НА ГРАНИТОИДНИТЕ КАРПИ ОД ЛОКАЛИТЕТОТ МАЖУЧИШТЕ (ЗАПАДНА МАКЕДОНИЈА)
MINERALOGICAL - PETOGRAPHIC AND CHEMICAL CHARACTERISTICS OF THE GRANITOID ROCKS FROM THE LOKALITY MAZUCISTE, WESTERN MACEDONIA ..... 59

**Мирјана Голомеова, Афродита Зенделска, Благој Голомеов**
АКТИВЕН ТРЕТМАН НА РУДНИЧКИ ВОДИ
ACTIVE MINE WATER TREATMENT ..... 69

**Митко Јанчев, Иван Боев**
ЕКОЛОШКАТА ЖЕШКА ТОЧКА – ДЕПОНИЈА ЗА ИНДУСТРИСКИ ОТПАД „ХИВ-ВЕЛЕС“ МИНЕРАЛОШКИ, ГЕОХЕМИСКИ И РАДИОХЕМИСКИ ИСТРАЖУВАЊА
ENVIRONMENTAL HOT SPOT – LANDFILL FOR INDUSTRIAL WASTE “HIV-VELES” MINERALOGICAL, GEOCHEMICAL AND RADIOCHEMICAL RESEARCH ..... 77

**Сашка Богданова Ајцева, Зоран Десподов**
ИСТРАЖУВАЊА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА МЕТОДОЛОГИЈА ЗА ИЗБОР НА ЛОКАЦИЈА
ЗА ПРЕМИНИ НА ЖИВОТНИ ПРЕКУ ТРАНСПОРТНИ ИНФРАСТРУКТУРНИ ОБЈЕКТИ
INVESTIGATION IN DETERMINATION OF THE METHODOLOGY FOR CHOICE OF LOCATION
OF BIO CORRIDORS FOR ANIMALS ACROSS INFRASTRUCTURAL TRANSPORT OBJECTS ....... 85

**Тоше Ѓорѓиевски**
СОСТОЈБИ И ПЕРСПЕКТИВИ ЗА ТРЕТМАН НА МЕДИЦИНСКИ ОТПАД ВО
ИСТОЧЕН ПЛАНСКИ РЕГИОН
CONDITIONS AND PERSPECTIVES FOR TREATMENT OF MEDICAL WAST IN
THE EAST PLANNING REGION ........................................................................................................ 97

**Офелија Илиева, Крсто Блажев**
ЛОГИСТИКА И СТРАТЕГИИ ПРИ ПРОИЗВОДСТВО НА УКРАСЕН КАМЕН
LOGISTICS AND STRATEGIES IN PRODUCTION OF DECORATIVE STONE .................................. 107

**Екатерина Намичева, Петар Намичев**
ЗНАЧЕЊЕТО НА СКОПСКИТЕ ПАЛАТИ ВО ФОРМИРАЊЕТО НА УРБАНИОТ
РАЗВОЈ НА ГРАДОТ СКОПЈЕ ОД 1920-ТИТЕ ГОДИНИ
THE SIGNIFICANCE OF SKOPJE´S PALACES IN THE FORMATION OF THE
CITY´S URBAN DEVELOPMENT FROM THE BEGINNING OF THE 20TH CENTURY .................. 113

**Vaska Sandeva, Katerina Despot**
CONTEMPORARY INTERIOR WITH A STRONG ECLECTIC TREND
СИЛНИ ЕКЛЕКТИЧНИ ДВИЖЕЊА ВО СОВРЕМЕНИТЕ ЕНТЕРИЕРИ ......................................... 123

**Katerina Despot, Vaska Sandeva**
BIDERMAER STYLE IN CONTEMPORARY INTERIOR ACCENT
БИДЕРМАЕР СТИЛ АКЦЕНТ ВО СОВРЕМЕНИТЕ ЕНТЕРИЕРИ .................................................... 129

# ЗНАЧЕЊЕТО НА СКОПСКИТЕ ПАЛАТИ ВО ФОРМИРАЊЕТО НА УРБАНИОТ РАЗВОЈ НА ГРАДОТ СКОПЈЕ ОД 1920-ТИТЕ ГОДИНИ

**Екатерина Намичева[1], Петар Намичев[2]**

[1] Факултет за Арт и Дизајн, Европски Универзитет, Скопје
ekaterina.namiceva@gmail.com

[2] Ликовна академија, Универзитет „Гоце Делчев", Штип
petar.namicev@ugd.edu.mk

**UDC: 728.1(497.711-21)"192"**
**Стручен труд**

**Апстракт**

Во почетокот на XX век, во Скопје се случуваат промени во урбаната структура, така градот Скопје доживува трансформација, со што се создаваат услови за актуелните европски случувања во архитектурата. Во периодот меѓу двете светски војни во Скопје се реализираат најмаркантните објекти и почнуваат да се применуваат нови тенденции. Рритоа фокусот е на новите тенденции кои настануваат помеѓу двете светски војни и трансформацијата на урбаното јадро на Скопје со појавување на палатите како индивидуален тип на градба. Во урбаното градско јадро, како белег од минатото, сѐ уште сведочат објекти, од јавен и приватен карактер, кои во себе ја носат меморијата за урбаната политика од почетокот на XX век во Скопје.

**Клучни зборови**: *палата, академизам,* град, *меморија, урбано јадро.*

# THE SIGNIFICANCE OF SKOPJE´S PALACES IN THE FORMATION OF THE CITY´S URBAN DEVELOPMENT FROM THE BEGINNING OF THE 20TH CENTURY

**Ekaterina Namiceva[1], Petar Namicev[2]**

Art Academy, Goce Delcev University, Stip, Macedonia
petar.namicev@ugd.edu.mk

**Abstract**

At the beginning of the 20th century, the city of Skopje is experiencing a transformation, due to changes in the urban structure creating conditions for the current European developments in architecture. In the period between the two world wars in Skopje, the most magnificent buildings are realized and new tendencies begin to apply. Meanwhile, the focus is on the new tendencies, that occur in the period between the two world wars, and the transformation of the urban core of Skopje with the appearance of palaces as an individual type of construction. In the urban core of the city, as a hallmark of the past, objects of public and private character exist, which carry the memory of urban politics from the beginning of the 20th century in Skopje.

**Keywords**: *palace, academism, city, memory, urban core.*

## Вовед

Во првите децении од дваесеттиот век се случуваат промени кои во урбаната структура на повеќето балкански градови би можело да се проследи како смена на две цивилизации: ориенталната и западноевропската. Овој процес не се одвивал синхронизирано и со иста динамика во различни средини. На почетокот на XX век, во помалите градови низ Македонија преовладува слика на архитектурата наследена од XIX век, додека во поголемите градови, како Скопје, почнуваат да се применуваат

новите тенденции. Во Македонија и другите балкански земји периодот меѓу двете светски војни е период во кој се реализираат најмаркантните објекти (Грчев, 2003).

По Првата светска војна, Македонија била разделена меѓу балканските сили, Скопје станал центар на т.н. Јужна Србија и главен град на Вардарската бановина, за од 1918 година да биде дел од Кралството на СХС/Кралство Југославија. Во 1918 година Скопје е со многу девастиран градежен фонд како последица од војната, на Скопје како административен центар на Вардарската бановина му следи процес на трансформација и деотоманизација во општественото живеење. Во следната декада политичката моќ се концентрира во Скопје, како последица се зголемува банкарскиот капитал кој создава услови за развој на образовниот и културниот живот. Со зголемување на капиталот, се случува промена во урбаната политика која го европеизира градското јадро, создавајќи нов изглед со јавни институции. Градот постепено ги отфрла и модифицира османлиските навики и практики, преку трансформација на градот Скопје во една модерна метропола на југот на Кралството Југославија.

Во овој период доаѓа до промена во водење на градежната политика и засилен архитектонски развој, така Скопје од град со мали и закривени улици во органска форма, прераснува во модерен европски град (Грчев, 2003).

„Појавата на *академизмот* во Србија се поклопува со стекнувањето на нејзината политичка самостојност во време на владеењето на кнезот Михаило 1860-1868 год., кога и преку архитектурата била презентирана нејзината европска ориентација, со што бил во подем *академизмот* како државен стил" (Кадијевиќ, 2005). Новата политика за населување на српското население на територијата на Скопје довело до нагло зголемување на бројот на жителите и со тоа до потребата за зголемување на станбените зони. Со подобрувањето на економските услови се зголемила приватната и јавната иницијатива за подигање на јавни и станбени објекти, со што Скопје ќе почне брзо да се шири и да се менува. На левиот дел на реката Вардар ќе остане сочуван стариот ориентален дел, додека на десната страна никнува нов град со градски палати и големи репрезентативни јавни објекти. Поради недостатокот на архитекти, Јосиф Михајловиќ ќе повика архитекти од странство чии дела ќе го одредат архитектонско-урбанистичкиот развој на Скопје (Naushagi, 2013).

## 1. Значењето на идентитетот во архитектура

Идентитетот им помага на луѓето во својата идентификација и во знаењето како другите луѓе ги дефинираат нив. Идентитетот се гради преку процес на социјализација. Општеството може да се согледа како колекција на индивидуалци кои се меѓусебно поврзани со заеднички правила и цели.

Според Хог и Абрамс (Hogg, Abrams, 1988), идентитет претставува свесност и разбирање на луѓето за самите себе, во која категорија на луѓе припаѓаат и како се поврзуваат и однесуваат кон другите (Hogg, 1988). Тринчеро и Маранта (Trinchero, Maranta, 1988) го дефинираат идентитетот како структурално „ние" кое што секогаш може да биде репродуцирано, рекреирано како продукт од релациите со други групи, тие релации можат да бидат референции за социјална структура (Trinchero, 1988).



**Слика 1**.: Скопје помеѓу 1902-1918 година, левата и десната страна на реката Вардар
**Figure 1**.: Skopje between 1902-1918, the left and right sides of the river Vardar.

Очигледно е дека само човекот ја има способноста да создаде и негува една култура, па така тој е единствениот кој може да ја задржи. Овие карактеристики кои му припаѓаат само на човекот се препознатливите како јазикот и комплексниот нервен систем кои има функции како меморија, разум итн. Иако сите луѓе имаат различни култури, сепак, потребно е да се зборува за секоја култура одделно, бидејќи секој член на едно општество има своја култура. Според ова, нема луѓе без култура, ниту пак култура без луѓе. (Naushagi, 2013). Споделените верувања и однесувања помеѓу луѓето од една иста култура е основна улога која нуди кохезија, логика која заедно ги реконструира меѓусебните врски.

Националниот идентитет имплифицира на состојбата во која група на луѓе споделуваат една иста идентификација со националните симболи преку кои се покажува вредноста на таа нација (Bloom, 1990). Националниот идентитет се хармонизира и формира во најголема мера од легенди, природни предели, приказни пренесени од колено на колено за одредени достигнувања на херои и драматични достигнувања во античките времиња. На овој начин, едно општество се оформува низ време и простор (Osborne, 2001). Гилиан Роуз верува дека идентитетот е поврзан со специфично место, она кое е најпријатно за нас, со кое можеме да се идентификуваме себеси (Rose 1995).

Според Кевин Линч: „Споменициите, улиците, населбите, објектите, црквите и парковите се материјални работи, но сепак евоцираат специфични значења и служат за просторна координација на идентитетот“ (Lynch, 1972). Идентитетот се гради и се засилува постојано со индивидуалните практики во културно дефинираните места. Едно од прашањата кое е истражувано од страна на многу научници во светот е дали архитектурата е одговорна да го изрази културниот идентитет или не?! Луѓето се идентификуваат според изградената околина. Објектите се дел од една целина, притоа создаваат урбан контекст кој им помага на луѓето да знаат кои се и каде припаѓаат. Преку изградениот фонд, индивидуалците се обидуваат да креираат специфичен идентитет и меморија. Идентитетот и меморијата на групации како архитектонските се ретко статични и се менуваат кога изградените форми се губат со нивно уништување (Naushagi, 2013).

Замената или реконструкцијата на објектите може да доведе до продолжување на меморијата и идентитетот или негово губење. Според ова, и двата процеси, и замената и реконструкцијата, се важни во циклусот. Изградените објекти играат важна улога во креирање на идентитетот и меморијата на луѓето. Може да се каже дека самото постоење и изградба не креираат идентитет, деструкцијата и исчезнувањето на објектите и реконструкцијата на изгубените се оние кои го оформуваат идентитетот на луѓето (Dowell). За да се разбере како изграденото опкружување може да влијае на меморијата и идентитетот, потребно е да се запознаеме со тоа како луѓето се идентификуваат себеси.

Историчарот Марк Кринсон тврди дека меморијата е потсетување за минатите искуства кои се сè уште активни во нашиот ум, додека други се заборавени.

Меморијата е ментална способност преку која минатото може да биде вратено. Самите објекти ја добиваат својата важност, а притоа оставаат меморија за местата од политичко и општествено значење (Dowell, 2008).

Сликата за колективната меморија се фокусира на одредени луѓе, настани и нивните просторни референции – „места на меморија“. Овие места се зајакнати во колективната меморија со чин на комеморација, како измислено структурирање на време и простор. Со ова се утврдува менталната географија преку која минатото е мапирано во нашите умови според најнезаборавните места. Сето ова ги сочинува комеморативните пејзажи составени од обележја кои обезбедуваат просторни координати за памтење (Coser, 1992).

Во контекст на урбаното јадро на Скопје, споменатите „места на меморија“ претставуваат „преживеаните“ палати на градскиот плоштад покрај реката Вардар. Меморијата за палатите не е силно застапена поради малиот број на преживеани палати и недостигот на информации и пристапноста кон нив. Во урбаното градско јадро како белег на минатото сѐ уште сведочат објекти, од јавен и приватен карактер, кои во себе ја носат меморијата за урбаната политика од почетокот на XX век во Скопје.

## 2. Влијанијата од Европската архитектура врз Скопското централно јадро

Европската архитектура во XIX век имала големо влијание од раните архитектонски стилови кои биле адаптирани кон новите технологии на раната модерна ера. Враќањето кон грчкиот, готскиот и ренесансниот стил било споено со современи инженерски методи и материјали кои резултирале во еден еклектичен стил во архитектурата. Во текот на векот се случиле големи промени во однос на резиденцијалните објекти. Живеалиштата на работничката класа биле дизајнирани локално од страна на ѕидари и столари, без архитекти и планови.

Во периодот од 1914 година во Скопје бил развиен регулациски план во неколку фази, 1922 год. – регулациски план на десниот брег на Вардар, инж. Хранислав Спасиќ (Константиновски, 2001), 1929 год. – Генерален регулациски план на Скопје, арх. Јосиф Михајловиќ; 1931 год. – Разработка на регулациониот план, инж. Велимир Ставриќ. Најзначаен бил регулациски план од 1929 година на архитект Јосиф Михајловиќ, дизајниран според француски и англиски модели, при што ги инкорпорирал ориенталните матрици во модерното ткиво на градот, поделено на зони со современи содржини (Михајловиќ, 1929). Освен изработката на регулациониот план, Јосиф Михајловиќ се залага за формирање на посебен отсек за уредување на градовите, укажувал на неправилно ѕидање без техничка контрола и посочил дека треба да се внимава на формацијата на предградијата и формирање на земјоделски појас околу целиот град (Михајловиќ, 1929).

Во објектите изградени по 1918 година, се застапени сите начела на академизмот кај кои владее примената на пропорциите, декорацијата и одредени класични елементи. Со популаризација на овој стил сѐ повеќе фасадните решенија се дизајнирале во овој стил, што довело до еклектички решенија кои се состоеле од нерегуларното користење на декоративните елементи и детали и нивната композиција.

Со новиот урбанистички план и закон за стандардизирање на градежната регулатива се воспоставила регулација на урбаните целини. Техничкото одделение на Градското поглаварство Друг фактор кој допринел кон формирањето на скопското урбано јадро да наликува на европски град се новите градежни материјали кои создале можности за структурално компонирање на објектите. Како иновација во градежната технологија се појавуваат армирано бетонските конструкции кои биле присутни во сите новопроектирани објекти. Европскиот идентитет е изразен преку

иновациите во архитектурата и примената на академизмот, како една стилска формација. Градот Скопје добива лик на европски град во почетокот на XX век не само преку примена на архитектурата, туку и преку начинот на живот, трговија и др. Преку проектите за палатите во Скопје и нивна анализа можеме да заклучиме дека просториите за трговија се наоѓаат во приземните делови, со што улиците добиваат европски изглед по примерите во Русија, Белград, итн.



**Слика 2.:** Изглед на улицата Император Виктор Емануел со резиденцијални објекти (палати) покрај кејот на реката Вардар која води до плоштадот, изглед на Офицерскиот дом, Скопје, Улицата Кнез Михајлова, Белград, 1934 година
**Figure 2.:** View of Emperor Victor Emanuel Street with residential buildings (palaces) by the river Vardar, which leads to the square, the appearance of the Oficial House, Skopje, Knez Mihajlova Street, Belgrade, 1934

Користењето на новите материјали и технологии како армираниот бетон и железото од 1919 година стануваат најбарани. Се појавуваат првите работилници кои изработуваат армирано бетонски ребра за таваните. Пред војната вештачкиот камен ретко кога бил употребуван, пример за ова е „теранова" постапката за обработка на фасадите според италијанските и германските урнеци; во периодот после 1919 година овие техники и материјали често ќе бидат употребувани. Со ова, архитектурата добива нови карактеристики, но стилски останува во рамките на академизмот или монументалниот академизам.

Со специфичните влијанија кои ќе ги донесат архитектите школувани во европските центри, како и познавањето и употребата на еклектичните постапки во архитектурата, констатираме присуство на специфична стилска формација која се одредува под терминот *академизам*[1]. Како основни карактеристики на академизмот се нагласените прозорски отвори кои не се поврзани во еден органски низ, нагласени портали и правоаголна структура на блокот, почитување на регулационите линии, степенување на орнаментација по висина, итн. Терминот академизам и постакадемизам во архитектурата ги подразбираат сите архитектонски остварувања во кои е вграден еклектичниот дух.

Рускиот академизам врз основа на кој се создава нова архитектонска естетика е поставен на основата на една солидна академска школа и бил многу ценет во дваесеттите години во редовите на претставниците на власта во новосоздадената држава.

[1] Терминот *академизам* бил создаден како алузија на конвенционалната и педантна работа на уметничките школи (академии) и се употребува како термин кој ја карактеризира конзервативната граѓанска уметност во Европа во преодот од XIX во XX век (Мала енциклопедија просвета. Белград. Ст. 30).

## 3. Состојбата на скопските палати

По планот на Ј. Михајловиќ од 1929 година, следниот регулациски план бил формиран со извојувањето на социјална слобода и со коренитите општествени промени. Со ова се создале услови Скопје, како главен град на републиката, да ја смени својата структура и организација и да го измени својот лик. Стариот урбанистички план не можел да ги задоволи основните услови за претстојната урбанизација на градот. Во 1947 година бил изработен новиот урбанистички план според арх. Лудек Кубеш, според кој биле предвидени нови големи зони за живеење каде колективниот начин на станбено живеење доминирал, додека за индивидуална изградба биле предвидени долните падини на Водно. На *Слика 5* се претставени македонските единици, како победнички се враќаат во Скопје во 1945 година, во позадина видлива е Ристиќевата палата на самиот плоштад како еден од главните резиденцијални објекти на плоштадот. Ваквите фотографии се доказ дека изградените палати од 1920-тите години сѐ уште се дел од архитектонскиот урбан фонд. До 1963-та година, завршните фази на регулациониот план се наоѓале во завршна фаза. Поради ваквата интензивна градба, Скопје бил пример за град со радикални промени.






**Слика 3.:** Улицата на Крал Петар во Скопје, Улицата Харбин (Harbin) во Русија, 1940
Figure 3.: King Peter Street in Skopje, Harbin Street in Russia, 1940

Според податоците за девастираниот градежен фонд и неговата санацијата после земјотресот, можеме да констатираме дека поголемиот број на скопски палати биле многу оштетени, во тоа време не постоела техничка можноста за нивна санација и поради тоа морале да бидат урнати (како дел од 29.496 станови кои биле урнати или исфрлени од употреба).



**Слика 4.:** Рендер од виртуелна реконструкција на палата на улица „Крал Петар“, арх. Иван Артемушкин, палата на Велковиќ Панче, 1926 година. Реконструкција: Екатерина Намичева
**Figure 4.:** Render of the virtual reconstruction of the palace on the street "King Peter", arch. Ivan Artemushkin, palace of Velkovik Pance, 1926. Reconstruction: Ekaterina Namicheva

Објектите како Офицерскиот дом кој можеме да го видиме во позадина на Слика 6, чиј мал дел бил руиниран од земјотресот (на сликата се гледа дека само предниот дел од објектот бил разрушен, дури и лустерот сѐ уште стоел на таваницата), било решено од страна на тогашната политика да се урнат комплетно. Оттука и претпоставката дека тоа се случило и со дел од палатите. Преку изградениот фонд, индивидуалците се обидуваат да креираат специфичен идентитет и меморија кои се менуваат (Houshangi, 2013). Со уништување на архитектонските групации, идентитетот и меморијата се менуваат, како во случајот со скопските палати кои во голем број се изгубени за време на земјотресот.

Со оглед на тоа дека територијата на Македонија се наоѓа на трусно подрачје, било решено Скопје да се изгради и обнови на истото место преку изработка на нов урбанистички план заснован врз најсовремени научни испитувања, со објекти кои би можеле да издржат нови потреси. *Замена или реконструкција на објектите може да доведе до продолжување на меморијата и идентитетот или нивно губење* (Houshangi, 2013). Во случајот со палатите во Скопје, се губи меморијата со нивна замена по земјотресот во 1963 година. Мал број на палати кои го преживеале земјотресот (како Ристиќевата палата) се инкорпорирани во новиот урбанистички план по 1963-та година на Кензо Танге, во кои се предвидени вертикали во градот како нов начин на станбено домување. Работен според современа методологија надополнета со најновите изучувања на сеизмичките карактеристики на Скопје, планот на Кензо Танге содржи технички можности за создавање на еден современ град. Со создавањето на современ град, сѐ помалку палати се видливи во централното јадро на градот, кои сведочат за желбата за создавање на европски идентитет помеѓу двете светски војни.

## Заклучок

Обновувањето на меморијата за палатите од 20-tіте години е еден начин да се поврземе со Западна Европа и можност преку архитектурата да го изразиме својот идентиет. Еден начин на кој можеме да ја обновиме меморијата се подлабоки истражувања и популаризација на стилот кој преовладува во ретко останатите урбани јадра со палати (јадрото на градскиот плоштад со Ристиќевата палата, 1926, куќата на Икономови, 1922, и куќата на Тодорови, 1927) и популаризирање на изгубените палати преку виртуелни реконструкции и научни истражувања. Меморијата за палатите е „заробена" во архивите, во архивските документи и фотографии, меѓу кои најзначајна е техничката документација која сведочи за нивното постоење, планирање и изведба. Реконструкцијата на *Слика 7* е дело на архитектот Иван Артемушкин, кој е еден од најзначајните руски архитекти кои твореле во почетокот на XX век. Преку виртуелни реконструкции и истражувања, може да се направи реконструкција на централното урбано јадро на Скопје со голем дел од резиденцијалните објекти како и јавните, кои го сочинувале сè до земјотресот во 1963-та година, годината кога се менува ликот на градот и меморијата за палатите почнува да се губи.

**Користена литература:**


1. Кадијевић, А. (2005), Кадијевић. Александар. *Естетика архитектуре академизма(XIX-XX век):* Граѓевинска књига, Београд, (монографија);
2. Hogg, M, Abrams, D. (1988), Hogg, Michael. Dominic, Abrams. *Social Identi_cations: A Social Psychology of Intergroup Relations and Group Processes:* London: Routledge. 1988 (монографија);
3. Houshangi, N. (2013), Negar. Houshangi. *Monumental Architecture; National Identity; Conceptual Understanding of Iranian Monumental Architecture:* Master thesis. Eastern Mediterranean University. North Cyprus. 2013 (монографија);
4. Trinchero, H., Maranta, A. (1988), *"Las crisis reveladoras: historia y estrategias de la identidad entre los mataco-wichí del Chaco centro-occidental":* En Cuadernos de Antropología, UNL, EUDEBA (монографија);
5. Bloom, W. (1990), *Personal Identity, National Identity, and International Relations.* Cambridge: Cambridge University Press. 1990 (монографија);
6. Osborne, B. (2001), *Landscapes, Memory, Monuments, and Commemoration: Putting Identity in Its Place.* Commissioned by the Department of Canadian Heritage for the Ethno cultural, Racial, Religious, and Linguistic Diversity and Identity Seminar Halifax, (pp. 1-48). Ontario: Nova Scotia (монографија);
7. Lynch, K. (1972), *What Time is this Place*. Cambridge: M.I.T. Press. 1972 (монографија);
8. Dowell, G. (2008), Memory and Identity: Destruction and Rebuilding. Прегледано февруари 22, 2017): http://thebldgblock.wordpress.com/2008/06/05/memory-and-identity-destruction-and-rebuilding-gregory-dowell/;
9. Crinson, M. (2005*); "Urban Memory: An Introduction", in Urban Memory: History and Amnesia in the Modern City.* London: Routledge. 2005 (монографија);
10. Sack R. D. (1997); *Homo Geographicus: A Framework for Action, Awareness, and Moral Concern.* Baltimore: Johns Hopkins (1997) (монографија);

11. Coser. L. (1992). (ed.), *On Maurice Halbwachs. Chicago*: University of Chicago Press. 1992 (монографија);
12. Грчев, К. (2003*), Архитектонските стилови во македонската архитектура од XIX век и периодот меѓу двете светски војни*. Скопје, 2003 (монографија);
13. Encyclopedia of Art History: *Architecture: 19th Century. Characteristics, History, Styles, Skyscraper Design, Famous Buildings.* Прегледано февруари, 24 http://www.visual-arts-cork.com/history-of-art/nineteenth-century-architecture.htm;
14. Константиновски, Ѓ. (2001), Константиновски, Георги*, Градителите во Македонија XVIII-XX век*. Табернакул, Скопје. 2001 (монографија);
15. Михајловиќ, Ј. (1932), Михајловиќ, Јосиф, *Технички програм савеза градова. Савремена општина.* Београд. 1932 (монографија);
16. Монографија за Скопје (1970), К. Балабанов, Д. Зографски, Р. Марковски. *СКОПЈЕ.* Младост. 1970 (монографија);
**17.** Georgievska-Jakovleva, L. (2014), Loreta. Georgievska-Jakovleva. *The project "Ckopje 2014": Between social cohesion and social disintegration.* Култура / Culture, 8 /2014 (Култура);
**18.** Михајловиќ, Ј. (1929), *Генерални регулациони план града Скопља.* „Скопски гласник“ бр. 29 и 30, септември 1929, и бр. 31, 32, 33, октомври 1929 год. (Скопски гласник);
19. Rose, G. (1995), *"Places and Identity: A Sense of Place".* In Doreen Massey, and Pat Jess (eds.) A Place in the World: Places, Cultures and Globalization. Milton Keyes: The Open University, 87-118 (монографија).